# КРМОВ
# KRMOV



ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА
И НАРОДЕН МУЗЕЈ - ШТИП, МАКЕДОНИЈА

INSTITUTE FOR PRESERVING CULTURAL MONUMENTS
AND NATIONAL MUSEUM - STIP, MACEDONIA

Изложбата ја организира
**Завод за заштита на спомениците на културата
и Народен музеј - Штип, Македонија**

Директор:
**Ристо Петковски**

Ликовно- графичко обликување:
**Томислав Крмов**

Exhibition is organize:
**Institute for preserving cultural monuments
and National museum - Stip, Macedonia**

Director:
**Risto Petkovski**

Layout:
**Tomislav Krmov**

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА
И НАРОДЕН МУЗЕЈ - ШТИП, МАКЕДОНИЈА

INSTITUTE FOR PRESERVING CULTURAL MONUMENTS
AND NATIONAL MUSEUM - STIP, MACEDONIA

# КРМОВ ТОМИСЛАВ
# KRMOV TOMISLAV

30 ГОДИНИ ТВОРЕШТВО
30 YEARS CREATION

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА БЕЗИСТЕН - ШТИП
СЕПТЕМВРИ - ОКТОМВРИ, 1996

ART GALERRY BEZISTEN - STIP
SEPTEMBER - OCTOBER, 1996



## КОНТИНУИТЕТ НА ТВОРЕЧКИОТ ИЗРАЗ

За графиката како посебна ликовна творечка дисциплина и нејзините автономни карактеристики се напишани безброј дефиниции и страници во кои, на еден или на друг начин, се осветлуваат оние релевантни специфики коишто оваа дисциплина ја издвојуваат од класичниот поим - сликарство. Особено дваесеттиот век - или поточно појавата на поп артот, Енди Ворхол итн., - забрзано ја допишуваа биографијата на графиката, наметнувајќи и нови и нови димензии и толкувања. Во општата комерцијализација на животот, а со тоа и на уметноста, можностите на графиката да се репродуцира себеси во (речиси) безброј примероци при што секој одделно го задржува статусот на оригинално уметничко дело, отвори нови бизнис-хоризонти и докрај ја разби магијата наречена - уметност!

Притоа, елементот на репродукција во графичката уметност како да изби во прв план - пренагласено и од теориски и од практичен аспект - и неоправдано го доби статусот на доминантен, наспроти сите други карактеристики на оваа уметност.

Се разбира, и тоа е дел од таканаречената неминовност на историските процеси, но се чини дека ососбено за графиката овие компоненти што ги наметна модерното време се пренагласуваат (најчесто како хендикеп), иако и во другите уметности (фотографијата, филмот, видеото...) аспектот на умножување е подеднакво застапен и важен.

Всушност, процесот на репродуцирање е само нуспроизвод на графиката. Можноста за умножување на уметничкото дело во (условно) безброј примероци од друга страна придонесе многу за популаризацијата на ликовната уметност во целина, а особено на графичката уметност. Но, се разбира, како што секое пренагласување на еден елемент по правило "ги заборава" другите важни или спротивставени елементи, така и репродукцијата "заборава" дека во графиката постои и монотопија, или пак дека уметникот, од веќе подготвената графичка подлога може да извлече само еден примерок и потоа подлогата да ја - уништи! Дали, имено, со губењето на репродуктивното својство на графиката автоматски се губи нешто и во нејзината сушност како автономна уметничка дисциплина?!

Се разбира - не, и секогаш, и по правило, при размислувањето на графичкото дело треба да се поаѓа од тој факт.

Можеби некаде од тука треба да се започне и разгледувањето на творештвото на ТОМИСЛАВ КРМОВ (1938) - како нетипичен графичар и (условно) нетипично графичко творештво во смисла на предходно напишаното односно во смисла на сите современи/модерни атрибути што ѝ се препишуваат на графиката. Или, веројатно е подобро да се каже дека Крмов повеќе се приклонува кон поимот сликар-графичар кој успешно ги експлоатира сите аспекти на ликовноста. Така, во конципирањето на самото дело и во начинот на пристапот на неговата подготовка Крмов како да ужива и се внесува себеси типично сликарски;

наспроти вообичаената терминологија односно наспроти длабењето, режењето, засечувањето... Крмов едноставно - слика! А дури кога "сликата" е готова/подготвена да влезе во пресата, стапува мајсторот-графичар, мајсторот-печатар, за да подготвената "слика" ја извлече на графичкиот лист.

Едновремено, репродуктивното својство на графиката е последната грижа на Крмов, или токму спротивното - неговите графики излегуваат од пресата во незначителен односно исклучително ограничен број примероци!

Оттука, акцентите во досегашното графичко творештво на Томислав Крмов треба да се бараат на неколку битни пунктови, и тоа:

Прво мора да се има предвид генерациската припадност на авторот односно времето во кое тој започнува со уметничката активност. Втората половина на шеесетите години (Академијата ја завршува во 1967) се, веќе, поблагопријатни години за творештво, со надминати идеолошки заблуди и можности за посебно размислување и експериментирање. А, сепак, тоа се чудни години во развојот на македонската графика, чудни во смисла што плодотворниот ангажман на цела редица македонски ликовни уметници од постарите генерации на полето на графиката како да си дозволи тајм-аут, а празнината требаа да ја пополнат помладите графичари, школувани на ликовните академии од некогашните југословенски простори. Овие нови генерации, меѓу нив и Крмов, треба да го приложат сопственото знаење и умеење во профилирањето на современиот македонски графички израз. Оттука, генерациски и историски, Томислав Крмов и неговите колеги од тие години практично се меѓу првите академски образовани графичари во Македонија.

Второ, во ликовно-естетска смисла, периодот на шеесетите години, иако во голема мера релаксиран од "големи судири" на естетски план, во македонската ликовна уметност како да задржа одделни рецидиви пред сé во поглед на поларизацијата помеѓу фигуративното и нефигуративното односно реализмот и апстракцијата. Во оваа насока и во графиката, благодарејќи пред се на творечкиот ангажман на (тогаш) младите уметници како Перчинков, Биков, Крмов... (секако не заборавајќи го пионерскиот во овој поглед ангажман на постарите: Лазески, Протуѓер, Петлевски, Аврамовски-Гуте...), нефигуративниот израз сé поприсутно и понагласено започна да го живее логичното и нормалното секојдневие. Кај Крмов, и во голема мера кај Драган Биков (за разлика од другите нивни генерациски колеги), тоа значеше приклонување кон онаа структуралистичка струја на апстракција базирана на резултатите и влијанијата на енформелот. Во определбата токму за ова (тогаш актуелно) крило на апстракцијата секако одделни влијанија кај Крмов имала Академијата за применети уметности во Белград односно неговиот професор Џмерковиќ, како и графичките истражуважа на познатиот Белградски круг, но тие секако се само таканаречени странични влијанија коишто во одреден миг се поклопуваат со суштината - барањата и определбите на уметникот!

Неодминлив момент во разгледувањето на досегашното творештво на Томислав Крмов е аспектот на континуитетот на уметничката мисла, аспект достоен за почит и својствен на повеќе припадници на овие генерации македонски ликовни уметници. Иако голем дел од нив, како и Крмов, се оформуваат во време на брзи, некогаш и целосно спротивставени, менувања во ликовната уметност, стабилноста во континуитетот на нивниот ликовен израз речито говори за сериозно усвоена и елаборирана творечка структура. Кај Крмов континуитетот односно доследноста е составен дел на уметничкото "јас" и на творечкиот процес. Основите на структурата на уметничкиот израз, еднаш освоени, се логично и нужно подложни на разработка и перманентна надградба но не и на еквилибристичко менување заради менување или заради актуелните трендови во уметноста. Доследноста односно континуитетот на уметничкиот израз секако е прашање и на сензибилитетот, отвореноста и моделитетите на реакцијата во однос на надворешните фактори коишто можат но не мораат да се реперкуираат врз творештвото. Во таа насока кај Крмов може да се говори за условна затвореност на кругот на интересот, но затвореност која не сугерира ригидност кон се што е ново или друго, тука таа е повеќе резултат на селективен пристап кон нештата, раководен од логичните барања, интерес и искуства.

Или, можеби е посоодветно да се каже дека континуитетот кај Крмов е елипса, каде во центарот е графиката - неговото уметничко кредо - а оттаму па до границата на јајцевидниот круг се движат неговите творечки истражувања и интереси. Секако, бидејќи станува збор за елипса, границата некаде е поблиску, некаде подалеку - некаде повидлива, некаде помагловита но поттикнувачка. Но во рамките на тоа (сепак) омеѓено поле останува наклонетоста кон апстракцијата односно нејзиниот дериват енформелот - "преведен" и модифициран во графичките можности.

Се разбира, на крајот останува самото дело, оној графички лист односно листови коишто со текот на годините излегувале од пресата создавајќи триесетгодишен опус со неодминливо место во македонската графичка уметност.

Тие графички листови практички ги содржат сите аспекти на творештвото на Крмов за коишто предходно стана збор. сета онаа позитивна енергија насочена кон создавање творечки изказ којшто ќе преставува синтеза на уметничкото јас и неговиот однос кон светот што го опкружува.

Светот на енформелот е свет на материјата, на структурата, на односите во неа. Во самата негова суштина, тоа е уметност на деструкција, без конструктивни намери и идеи, без програмирани рационални цели. Едноставно, "состојбата на духот ја одредува методологијата, употребата на средствата, па и онаа вонвременска димензија..." наречена метафизика (Л. Трифуновиќ).

Во периодот на шеесетите години и во светската графика, а со тоа и на овие простори (со извесно вообичаено задоцнување), доминантна беше енформелистичката струја односно онаа структуралистичка школа

базирана на резултатите од енформелот. Повеќето уметници (графичари) приврзаници на оваа струја, како впрочем и Томислав Крмов, до денес задржаа низа елементи на оваа естетска и наклонетост кон речиси целосна мануелизација на изведбената постапка во која конечните резултати не се предвидливи.

Всушност и кај Крмов естетиката на материјата и на гестот не ја прифаќаат целосно десементизацијата на енформелот туку во извесна смисла упатуваат на одредени значења.

Оттука, никогаш ригидно радикален, Крмов речиси во целиот негов опус се движи во елипсовидното трагање од сликата - идејата на пределот до пределот како идеја - слика! И во тоа трагање се вклучени сите сетила и знаење во истаржувањето на графичката материја, но како консеквентен инструмент во спроведување на концептот. Без оглед на синтетичкиот систем на неговите имагинарни, асоцијативни или апстрактни предели, Крмов како постојано да работи една "слика".(Дали е тоа онаа една, единствена - утописка слика?).

Во неа, со неа, и тој созрева, се гради и надградува, се менува и дополнува - се менуваат и односите на површините и плановите; се гради или разградува структурата на материјата; динамиката на сноповите и шрафурите се згуснува или проретчува; ритмиката на плановите е речиси конструктивистички градена или пак сосема слободно се распореедува преку графичкиот лист; колористичките градации се движат од монохромни планови до суптилно изнијансирани детали... Целиот тој знаковен систем е вгнезден на графичкиот лист во безброј комбинации на дискретни допирања и преклопувања на геометризирани или потполно слободни плохи, со продори во една или во друга насока, разбиени, нагризени, декомпонирани... со неисцрпниот структурен графизам на материјата.

Златко Теодосиевски

## CONTINUITY OF CREATIVE EXPRESSION

Numerous definitions and thousands of pages have been written on the graphic art as a specific pictorial discipline and its autonomous features, all of them referring, one way or another, to those relevant particularities that make this discipline so different from the general concept - the painting. The 20th century, particularly the appearance of the pop-art, Andy Warhol, etc., started to rapidly complete the biography of the graphics, ascribing to it more and more new dimensions and interpretations. In the time of ever increasing commercial aspects of life and, consequently, of art, as well, the possibility of the graphics to reproduce itself in almost endless number of copies, each of them being entitled to the status of original work of art, has opened some new business horizons and broken to the utmost the magic of art!

At the same time, the element of reproduction in the graphics seems to have been brought to the fore, being over-pronounced, both in theoretical, and in practical aspect, and acquiring unjustifiably the status of its dominant feature, despite all the other important characteristics of this art.

All this is, certainly, a part of the so called inevitability of historic processes, but it seems that these components imposed by the modern times have, especially in the graphics, been over-pronounced (frequently a as handy-cap), although the aspect of multiplication is equally important and present in other genres of art (photography, film, video...).

The process of reproduction is actually an inter-product of the graphic art. The possibility of reproducing the works of art in (provisionally) endless number of copies is, on the other hand, a contribution to popularization of the pictorial art in a whole, and of the graphic art in particular. As every preponderance of one element, as a rule, 'sets aside' the other important, or even contradicted features, the reproduction also 'forgets' about the *monotype* in the graphics, namely, that from the already prepared graphic plate, the author could draw only one copy and then - destroy it. Would abandoning of the element of reproduction in the graphics automatically imply losing some of its essence as an autochthonus art discipline.

Certainly not, and always, as a rule, one should take this fact as a starting point in consideration of the graphic art.

Somewhere here could we, perhaps, start the consideration of the creative work of **Tomislav Krmov** (1938) - as an untypical graphic artist and his (provisionally) untypical graphic creation in the sense of the aforesaid formulations, i.e., in regard to all the modern attributes ascribed to the graphics. Or, should we better say that Krmov inclines to the term graphic painter, applying successfully all the aspects of the pictorial art. Both in the concept of the actual work, and in his way of approaching to the act of production, Krmov enjoys in giving himself away as a typical *painter*; despite the usual terminology of carving, notching and cutting .... Krmov simply - paints. Only when the 'painting' is completed/prepared to enter the press, the *graphic*-master, the printing-master comes on the scene to draw from the prepared painting the graphic print.

The quality of reproduction distinctive for the graphics is the last thing in Krmov's mind, or exactly the opposite - his graphic print come out from the press in an insignificant, extremely limited number of copies.

Therefore, the accents of the already created graphic work of Tomislav Krmov should be sought in several vital points.

Above all, one should have in mind the generation to which the author belongs, namely, the time when he started to create. The second half of the 1960s (he completed the Academy in 1967) has already become more beneficial for art production, the ideological errors having been overcome, bringing about possibilities for free thinking and experiments. Nonetheless, those were uncommon years in the development of the Macedonian graphic art, uncommon in the sense that the prolific efforts of a whole range of Macedonian artists of the older generation in the domain of graphic art experienced a time of leisure, thus leaving a gap that was to be bridged over by the younger graphic artists educated at the Academies of Fine Arts in the cities of former Yugoslavia. The new generations, including Krmov, were about to employ all their learning and skill in giving form to the Macedonian contemporary graphic expression. Both in historical aspect, and in regard to the generation, Tomislav Krmov and his colleagues are actually among the first graphic artists in Macedonia educated at the academy.

Secondly, in pictorial-aesthetic sense, though having been relaxed form the "major conflicts" in the aesthetic aspect, the period of the 1960s in Macedonian pictorial art seem to have retained some residues, above all, in regard to the polarization between the figurative and non-figurative, i.e., realism and abstraction. In that sense, the non-figurative expression became more pronounced and present, living its logical and normal everyday's life owing mostly to the creative potential of the young artists (at that time), such as, Percinkov, Bikov, Krmov.. (certainly, not leaving aside the creative efforts of the older pioneers: Lazeski, Protugjer, Petlevski, Avramovski-Gute...). For Krmov and, to considerable extent, for Dragan Bikov, (contrary to their colleagues of the generation) this implicated inclination to a structural trend based on the outcomes and influences of the *enformel*. Krmov's determination exactly for this (up-to-date at that time) wing of abstraction was certainly influenced by the Belgrade Academy of Applied Art, more precisely, by his Professor Dzmerkovic, as well by the graphic experiments of the renowned Belgrade circle, though only the so called stray influences are in question, coinciding at some points with the essence - seeking and determinations of the artist!

Vital point in consideration of the graphic work of Tomislav Krmov is the aspect of continuity of the artistic thought, a respectable aspect, also distinctive for several members of these generations of young Macedonian pictorial artists. Although most of them, including Krmov, developed themselves in a time of rapid, occasionally totally contradicted, changes in the pictorial art, the unbroken continuity of their artistic expression shows explicitly their firmly adopted and highly elaborate creative structure. For Krmov, the continuity implicating consistence is an essential part of his artistic 'self' and of the creative process. Once adopted, the basic structure of the creative expression is necessarily prone to further elaboration and improvement, though not to equilibrist changing for the sake of change and due to the contemporary trends in the art. The consistence, the continuity of the artistic expression is certainly a question of sensibility, frankness and modality of respond to the outside factors that could, but do not necessarily have to, be reflected in the creation.

Concerning Krmov, we could discuss about conditional confinement within the circle of interests, though not confinement that suggests rigidity to everything that is new or different, but emerges rather as an outcome of the selective approach guided by the personal seeking, interest and experience.

Or, it would be more appropriate to say that the continuity of Krmov is an ellipse, in which the center is his graphics - his artistic creed - where from his creative experiments move to the borders of the oval. Consequently, since an ellipse is in question, the border is closer at some points, and further at the others, somewhere clearly visible, somewhere dim, but fostering still. Nevertheless, in the frames of that still confined field, the affinity for abstraction remains, or, rather, for its derivative - the enformel, interpreted and modified to the possibilities of the graphic art.

The actual work is, certainly, what is left in the end, the graphic print that was coming out from the press throughout years, thus creating a thirty-year opus that occupies an outstanding place in the Macedonian graphic art.

Those graphic prints actually comprise all the aforesaid aspects of the Krmov's work, all the positive energy dedicated to forming a creative expression that would incorporate a synthesis of the artistic "self" and his attitude towards the world around him.

The world of enformel is a material world, a world of structure of relations within it. In its essence, it is an art of destruction, void of any constructive intents and ideas, lacking any projected rational objectives. Simply "the state of mind determines the methodology, the application of devices and even that timeless dimension..." called metaphysics (L. Trifunovi})"

In the period of the 1960s, the enformelist current was dominant in the world graphic art, and, consequently, in these areas (with the usual delay), particularly the structuralist current based on the accomplishments of the enformel. Most of the graphic artists, followers of this trend, and, consequently, Krmov among them, have preserved until the present day a whole range of elements of this esthetics and inclination to an almost total manual execution treatment in which the final outcomes are unpredictable.

Actually, in Krmov's art, the aesthetics of the matter and the gesture would not adopt completely the designification of the enformel, pointing rather to certain meanings.

Never rigidly radical, nearly in all his opus Krmov moves within an elliptical seeking from the picture - idea through the area, to the area as idea - picture! Seeking that employs all the senses and learning in exploration of the graphic matter, but only as a consequent instrument in accomplising the concept. Regardless of the syntactic system of his imaginary, associative and abstract areas, Krmov seems to constantly work on *one "picture". (Is it the one and only - utopia picture?).*

In it and with it, he also matures, develops and improves himself, changes and completes himself - the relations in the surface and the plans also changing; the structure of the matter is being built and destructed; the hatched lines become denser or thinner; the rhythm of the project is almost constructivistically built or just distributed freely on the graphic print, the coloratura gradations ranging from monochromatic plans to subtle nuances in details. The entire system of signs is nested into the graphic print in endless number of combinations of discrete touches and overlapping geometric or totally free plates, penetrating in one direction or another, broken, ravaged, decomposed... with the eternal structural graphism of the material.

*Zlatko Teodosievski*

## ТОМИСЛАВ КРМОВ

Роден 1938 во Штип. Дипломирал на Академијата за применета уметност - отсек графика во Белград. Член на ДЛУМ и на Друштвото за наука и уметност ви Штип.
Живее и работи во Штип.
Адреса: "25 Мај" бр. 1 Штип
тел.: (092) 24-451
Студиски престој: Италија, Франција

**Самостојни изложби**

1971 - Белград, Скопје, Куманово
1972 - Марибор
1973 - Штип
1974 - Белград
1975 - Скопје
1981 - Штип "Астибо"
1982 - Скопје
1986 - Штип
1993 - Штип
1995 - Скопје

**Групни изложби**

1967-1983 - Белград, Графика на Белградски круг
- Белград, X, XII, XIV, XV и XVI југословенска илустрација

1968-1991 - Скопје, годишни изложби на ДЛУМ
1970-1974 - Скопје, "Моето сакано дело"
1970- Лима (Перу), Југословенска графика, Галерија Салдијас
- Чиле, Југословенска графика
- Кил (Западна Германија), Југословенска графика
- Загреб, VI изложба на Југословенска графика

1970-1993 - Скопје, Графичка изложба на ДЛУМ
- Суботица, Југословенска ликовна средба на графиката
- Белград, НОВ во делата на југословенските ликовни уметници

1972- Загреб, VII изложба на југословенска графика
- Белград, Млада југословенска графика
- Јаши и Пиатра Неамц (Романија), Современа македонска уметност
- Полска, Финска, Унгарија, Романија

1974- Белград, 10 графичари
1975- Сомбор, V триенале на југословенскиот современ цртеж
1975-1993 - Скопје, "ДЛУМ-цртеж", НУБ "Климент Охридски"
1977- Скопје, Изложба на македонски цртежи
1978- Скопје, 9. графичка изложба на ДЛУМ
- Бања Лука, Современа македонска уметност
- Цетиње, Современа македонска уметност
- Сомбор, VI триенале на југословенскиот современ цртеж
- Битола, III триенале на југословенската современа графика
- Белград, Графика на Белградскиот круг
- Штип, Југословенска графика со Триеналето на југословенската графика од Битола

1980- Белград, Современа македонска графика
1981- Белград, НОВ во делата на југословските ликовни уметници
- Загреб, Современа графика на Македонија
- Њу Делхи (Индија), Југословенска графика со графичкиот колектив од Белград

1982- Белград, Графика на Белградскиот круг
- Ниш, Графички колектив од Белград
- Прокупље, Графички колектив од Белград
- Трстеник, Графички колектив од Белград
- Топлице, Галерија на Народниот музеј
- Штип, Изложба на ДЛУШ

1983- Прокупље, Заечар, Чачак, со Графичкиот колектив од Белград
- Белград, Графика на Белградскиот круг

1984- Белград, Графика на Белградски круг
- Краљево, Ниш, Пожаревац, Графика на Белградскиот круг
- Штип, Изложба на ДЛУШ

1985- Скопје, 40 годишна изложба на ДЛУМ
- Белград, Графика на Белградски круг
- Ниш, Краљево, Чачак, Графички колектив од Белград
- Берлин (ДР Германија), Модерна македонска графика
- Белград, Денови на македонската култура

1986- Белград, Сараево, Скопје, Загреб, Љубљана, Југословенска графика 1950

1987- Сиднеј и Мелбурн, Современа македонска графика
- Белград, Графика на Белградски круг
- Битола, VI триенале на современа југословенска графика
- Хам (Зап. Германија), со графичкиот колектив од Белград
1988- Белград, Графика на белградскиот круг
- Штип, Современа југословенска графика
1989- Москва, Македонска графика
- Скопје, Музеи на Македонија, Подарени дела на Ерменија
- Белград, Графика на Белградски круг
- Белград, Современа македонска графика
- Ниш, Графика на Белградски круг
- Германија, Современа македонска графика
1990- Белград, Графика на Белградски круг
- Битола, 7. триенале на современата југословенска графика
1991- Белград, Графика на Белградскиот круг
1992- Белград, Графика на Белградски круг
- Скопје, I Зимски салон на ДЛУМ
- Штип, ДЛУШ
1993- Скопје, II Зимски салон на ДЛУМ
1994- Скопје, III Зимски салон на ДЛУМ
- Битола, Меѓународно биенале на графика
- Белград, Меѓународно биенале на графика
- Рим, Македонска современа графика
- Скопје, 25 графичка изложба на Длум

**Награди**

1967- Белград, Награда за дипломска работа на Академијата
- Белград, Универзитетска награда за графика
1971- Штип, Осмоноемвриска награда на градот
1972- Скопје, Прва награда за графика на III графичка изложба на ДЛУМ
1976- Суботица, откупна награда од XIV ликовна средба на југословенска графика
1978- Штип, Прва награда за графика на ДЛУШ
1981- Белград, Откупна награда на галеријата на Домот на ЈНА
- Скопје, Откупна награда НУБ "Климент Охридски"
- Носител на Републичко звање, истакнат ликовен педагог

**TOMISLAV KRMOV**

Tomislav Krmov was born in Stip in 1938. He graduated from the Academy of Applied Arts - Graphic Arts Department in Belgrade. He is a member of the Society of Fine Artists of Macedonia and also of the Society of Science and Art in Stip. He lives and works in Stip.
Address: 25 May 1, Stip
Tel.: (389) 92 - 24451
He has been on studying stay in Italy and France

**One-man exhibitions:**

1971 - Belgrade, Skopje, Stip, Kumanovo
1972 - Maribor
1973 - Stip
1974 - Belgrade
1975 - Skopje
1981 - Stip, "Astibo"
1982 - Skopje
1986 - Stip
1993 - Stip
1995 - Skopje

**Group Exhibitions**

1967 - 1983 - Belgrade, Graphic Works of the Belgrade Circle
Belgrade, X, XII, XIV, XV, XVI Yugoslav Illustration
1968 - 1991 - Skopje, Annual Exhibitions of the Society of Macedonian Fine Artists
1974 - 1974 - Skopje, "My Favorite Works"
1970 - Lima (Peru), Yugoslav Graphic Works, Gallery of Saladias
- Chile, Yugoslav Graphic Works
- West Germany, Yugoslav Graphic Works
- Zagreb, VI Exhibition of Yugoslav Graphic Works
1970 - 1993 - Skopje, Exhibition of Graphic Works of the Society of Fine Artist of Macedonia
- Subotica, Yugoslav Fine Art Meeting of Graphic Works
- Belgrade, National Liberation War in the Works of the Yugoslav Fine Artists
1972 - Zagreb, VII Exhibition of Yugoslav Graphic Works
- Belgrade, Young Yugoslav Graphic Works
- Jashi and Piatra Neamt (Romania), Modern Macedonian Art
- Poland, Finland, Hungary, Romania
1974 - Belgrade, 10 Graphic Artists
1975 - Sombor, V Triennial of Modern Yugoslav Drawing
1975 - 1993 - Skopje, DLUM Drawing, National and University Library "KlimentOhridski"
1977 - Skopje, Exhibition of Macedonian Drawing
1978 - Skopje, 9th Graphic Exhibition of DLUM
- Banja Luka, Contemporary Macedonian Art
- Cetinje, Contemporary Macedonian Art
- Sombor, VI Triennial of Modern Yugoslav Drawing
